# Кодекс на однесување

## за борба против насилството врз жените во политиката и изборниот процес

Ние, долупотпишаните претставници на политичките партии, со овој Кодекс изразуваме силна политичка волја, со која се спротивставуваме на насилството врз жените во политиката, а особено на насилство врз жените што се интензивира, зајакнува и мултиплицира за време на изборните кампањи.

**ПРЕАМБУЛА:**

I. Насилството во политиката и изборниот процес претставува намерна употреба на сила или заплашување од страна на носители на јавни функции, носители на партиски функции и нивни следбеници, заради постигнување на политички цели. Насилството во политиката ги крши човековите права, го спречува развојот на демократијата и ја поткопува довербата меѓу политичарите и гласачите. Тоа сериозно влијае и на мажите и на жените во политиката;

II. Насилството врз жените во политиката може да се јави во повеќе форми, како што се физички напади, вербално и психолошко вознемирување (вклучувајќи напади врз приватниот живот на жените, физичкиот изглед, возраста, облеката, брачниот статус), закани, демнење, сексуални и сексистички коментари, онлајн злоупотреба и говор на омраза и сексуално вознемирување;

III. Насилството врз жените вклучени во политиката и изборниот процес се рефлектира не само врз нивната личност, туку и врз нивните семејства и деца;

IV. Политичко насилство врз жените во политиката и изборниот процес е насочено против жените избрани функционери и жените кои се видливи и имаат влијание во јавниот и општествениот живот и креираат јавно мислење;

Спроведено од:

International Foundation for Electoral Systems

Овој Кодекс е дел од техничката поддршка обезбедена од Програма за поддршка на изборите, проект на Швајцарската соработка во Северна Македонија, спроведен од Меѓународна фондација за изборни системи.

V. Насилството врз жените во политиката и изборниот процес претставува сериозна пречка за политичкото учество на жените, поткопувајќи ја нивната видливост, активни позиции и трајност на жените на политичките функции, со што се зајакнуваат убедувањата дека политиката е резервирана само за мажите;

VI. Поради зголемената поларизација на политиката, нивото на политичко насилство расте низ целиот свет. Изборните кампањи се средина каде што се шири родово базираното вознемирување и говорот на омраза;

VII. Активните препознатливи жени , млади жени и жените од ранливите групи се особено цел на политичко насилство врз жените во политиката и изборната кампања;

VIII. Дигиталната средината и вештачката интелигенција поради анонимноста што ја нудат, во голема мера придонесуваат за создавање и ширење на насилството врз жените во политиката и изборната кампања;

IX. Молкот го стимулира насилството. Против насилството врз жените во политиката и изборниот процес може да се води борба со јавна осуда од политичките партии и граѓански организации, јавно говорење против него и со зголемено присуство на активни, моќни и видливи жени во политиката;

X. Присуството на насилството врз жените не треба да ги спречи жените политичарки да се посветат на создавање средина на отворена и почитувана дебата за политичките прашања, решенија и политики. Да се залагаат за конструктивен дискурс што поттикнува различни перспективи и промовира размена на идеи заради подобрување на општеството.

**ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ:**

Ние потписниците на овој Кодекс преку следниве препорачани мерки ќе се залагаме да:

1. се препознае дека насилството врз жените во политиката и изборниот процес е постоечка појава која негативно влијае на политичкото учество и на жените и на мажите и на застапеноста на гласачите ;

2. се признае дека насилството врз жените во политиката и изборниот процес е појава што негативно влијае на сите партии и дека нема победници кога тоа ќе се изврши врз никого, дури и врз политичките противници;

3. се кренат гласовите и на мажите и на жените против насилството врз жените во политиката и изборниот процес, со јавно изложување на доказите за насилство и целосна поддршка на лицата кои ќе се охрабрат јавно да го кренат гласот против насилството и да се отфрли ставот дека зборувањето против насилството во политиката е знак на слабост;

4. постои подготвеност за обезбедување на лична заштита, правна и психолошка поддршка на жените присутни во јавниот живот, кои се на повисоки политички функции, а кои честопати несразмерно се цел на насилни пораки;

5. се назначи контакт-лице или тело во политичката партија која ќе служи како доверлив канал за советување и поддршка во случаи на насилство врз

жените во политиката и политичкиот процес, со право да обезбеди правни совети и да го вклучи партиско раководство во посериозни случаи. Овие контакт лица или тела ќе соработуваат со органите за спроведување на законот во име на жените врз коишто е извршено насилството;

6. им се даде доволно простор на жените кандидатки во изборите и изборните кампањи, со што ќе се создадат позитивни наративи за жените во политиката. Да се поттикне видливоста на женската експертиза во различни области, енергично дебатирање за ставови, мислења и предлози за политики. Да се ангажира поддршката на партиските комуникации за да се обезбеди жените кандидатки во медиумите да бидат претставени професионално и со почит, врз основа на нивните заслуги;

7. се води посебна грижа за справување и спречување на насилството врз ранливите групи, како што се: младите жени, жените од помалите етнички заедници, жените со попреченост и други;

8. се изготват внатрешни упатства за политичките партии како да се справуваат со насилството врз жените во политиката и да се спроведе обука за сите кандидати, сите што работат на кампањата, волонтерите и сите вклучени во изборите за тоа како да го препознае насилството врз жените во политиката и како да го спречат и одвратат со сопствените постапки - блокирање на ширењето, известување на органите за спроведување на законот, поддршка на нападнатите;

9. се признае дека дигиталната средина и вештачката интелигенција е особено плодна почва за вербално и психолошко насилство и злоупотреба врз жените во политиката и изборниот процес и со тоа да се спречи учеството во ширењето и распространувањето на насилството врз жените во политиката и во изборниот процес во дигиталната средина, дури и кога тоа влијае врз жени што се политички противници;

10. им обезбедат на кандидатите од изборните листи основни упатства како да се справат со сајбер-вознемирувањето, вклучувајќи ја и безбедноста на информациите и како да се справат со какво било дигитално вознемирување или заплашување;

11. се разоткрие и да се запре ширењето на дезинформации и лажни „дипфејк“ содржини генерирани од вештачка интелигенција, кои вклучуваат насилни пораки и слики против жените во политиката. Да не се учествува во ширење лажни и неточни пораки и слики што содржат злоупотреба на жените во политиката и веднаш да се контактираат платформите за да се запре нивното ширење;

12. се признае дека сторителите на насилство врз жените во политиката и изборниот процес може да доаѓаат и од внатре од партијата и ваквите случаи соодветно да се третираат без обиди да се премолчат. Во статутот на политичката партија или кодексот на однесување да се вклучи забрана за учество во насилни напади врз жените во политиката со санкции за несоодветното однесување;

13. се создаде едноставна онлајн алатка за проценка на внатрепартиската организациска клима, за да се оцени колку таа е поволна и гарантира безбедност и сигурност за жените-членки, кандидатки и функционерки;

14. се воспостави комуникација и да се создаде заеднички концепт со органите за спроведување на законот, преку заеднички активности за постапување во борбата против насилство врз жените во политиката и изборниот процес;

15. се спречи, прекине, пријави и јавно да се зборува против насилството што се врши врз жените што се активни и видливи во јавниот живот - политичарки, новинарки, граѓански активистки, административни службенички, службенички ангажирани во изборен процес и други групи;

16. се препознае улогата на граѓанските организации, кои го следат насилството врз жените во политиката, да соработува со нив и да се искористат нивните можности за справување со ваквото насилство. Да се извести Македонското женско лоби за случаите на насилство врз жените во политиката и да се соработува со нив во борбата против насилството.